Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-640/7
20.04 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted]

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со наш број 03-640/1 од 31.3.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на Вашето барање.

Го разгледавме Вашето барање и Ви ја доставуваме бараната информација која се однесува на барање:

1. Да се објави јавно прирачникот за наставници за сексуално образование од пилот проектот кој се спроведе во четири основни училишта,

2. Да се објави јавно прирачникот за сеопфатно сексуално образование,
3. Да се објават сите документи и согласности потпишани од Бирото за развој на образованието и „[redacted]“ за спроведување на ССО во основното образование.

На 162 седница (5 Ноември 2019), Владата на РСМ ја прифати Информацијата на Министерството за образование и наука за воведување пилот програма за сеопфатно сексуално образование во 9-то одделение на основното образование во четири училишта, две во урбана средина, едно во рурална средина и едно училиште каде наставата се реализира на албански јазик со статус на изборен предмет што се реализира како проект –вонnаставна активност.

Табела 1. Избраните училиштаза пилотирање на програмата:

| Експериментални основни училишта | Контролни основни училишта | Наставен јазик Еднојазични/двојазични | Подрачје |
|---|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | Македонски | Централно градско подрачје |
| [redacted] | [redacted] | Албански | Централно градско подрачје |
| [redacted] | [redacted] | Македонски | Рурална средина |
| [redacted] | [redacted] | Македонско/албански | Град Тетово |

Пилотирањето на програмата за Сеопфатно сексуално образование, започне со реализација во септември од учебнта 2021/2022 година, откако претходно беа завршени сите планирани чекори: изработка на материјали за обука на наставниците, обука на наставниците и изработка и пилотирање на инструментите за евалуација на пилот програмата. И покрај спроведените подготовки во Училиштето „Лирија“ – Скопје не се спроведе пилотирањето, а

согласно методологијата за имплементирање на овој истражувачки проект спаѓа во примерокот на урбани училишта со настава на албански јазик. Во ООУ „Лирија“ програмата за сеопфатно сексуално образование не беше прифатена од дел од родителите. Во таа средина ќе следи процес на сензибилизација во врска со сеопфатно сексуално образование и притоа, се користат искуства од држави што го поминале овој процес.

Исто така треба да истакнеме дека Програмата за ССО се пилотира како слободен изборен предмет во деветто оделение со 36 часа во текот на првото полугодије од учебната 2021/2022 година.

Неколкугодишното искуство во неформално спроведување на програмата за сеопфатно сексуално образование и најновите препораки дефинирани во „Меѓународниот технички водич за сексуално образование“ испорачани од УНЕСКО, во соработка со UNAIDS, UNFPA, UNICEF, UN WOMEN и WHO, ја наметна потребата од проширување и ревидирање на темите и тематските подрачја кои до сега беа користени. Така, новата структура на програмата произлезе од анализата на нови идејни решенија за сеопфатни наставни програми предложени во водичот, со цел да се обезбеди квалитетно, инклузивно и современо образование за сексуално и репродуктивно здравје и права за младите.

Додавањето нови содржини и прецизното формулирање на компетенциите кои учесниците во наставата би требало да ги стекнат низ едукацијата (знаења, ставови, вредности и вештини), резултираа со дефинирање на компоненти и цели во предлог-програмата за сеопфатно сексуално образование. На табелата е прикажана структурата на програмата низ седумте компоненти и програмски подрачја

Табела2. Структура на програмата за сеопфатно сексуално образование

| | Компонента | Програмски подрачја |
|---|---|---|
| 1 | РОД | Социјално конструирање на родот<br>Родови стереотипи и родова еднаквост |
| 2 | ВРСКИ И ОДНОСИ | Пријателски и љубовни врски во адолесценција<br>Брачни врски и долготрајни врски |
| 3 | ТЕЛО И СЛИКА ЗА ТЕЛОТО | Тело и телесен интегритет<br>Тело, репродукција и сексуалност |

| | | |
|---|---|---|
| | | Слика за своето тело<br>Медиумите, родот и идеалите за физичка привлечност |
| 4 | СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ | Сексуално преносливи инфекции (вклучувајќи ХИВ)<br>Живеење со ХИВ<br>Бременост и контрацепција |
| 5 | СЕКСУАЛНОСТ | Секс, сексуалност и циклусот на сексуалниот живот<br>Сексуално однесување и сексуална реакција |
| 6 | НАСИЛСТВО | Насилство и грижа за безбедноста<br>Согласност, приватност и телесен интегритет<br>Безбедно користење на ИКТ |
| 7 | ГРАЃАНСКИ АСПЕКТИ | Вредности и права<br>Сексуалноста и човековите права<br>Сексуална различност и дискриминација |

Важен елемент во реализација на пилот програмата е квалитетниот, мотивиран кадар за имплементација на ССО. Во таа смисла, обуката и посветеноста на наставниците е суштински важна, затоа дополнително е изготвен и Прирачник (драфт верзија) што содржи вкупно 47 работилници распределени низ седум компоненти (теми). Со оглед на тоа дека наставата за пилот програмата се реализира со вкупен фонд од 36 часа, наставникот/чката има можност, за одредени теми за кои постојат повеќе работилници, да избере која ќе ја работи, во согласност со проценетите потреби или искажаниот интерес на учениците.

Во рамки на наставата на која се работат наведените теми, учениците максимално се охрабруваат да комуницираат, да соработуваат, да се поддржуваат, да користат критичко мислење, при тоа почитувајќи јасно воспоставени правила на однесување на часот. Имајќи ја предвид комплексноста на методот од една страна и сензитивноста на тематиката што се учи од друга, една од критичните задачи на наставникот/чката, освен умешното водење на учениците кон резултатот од учењето, е да креира безбедна, сигурна средина во која учениците ќе се чувствуваат

комфорно да споделуваат почитувајќи ги своите и туѓите претходно воспоставени граници..

Истовремено со реализацијата на наставата во пилот училиштата се спроведува и евалуација на програмата, преку следење на наставата од страна на советници од Бирото за развој на образованието и врз основа на резултатите од евалуацијата ќе се направи ревизија или дополнување на наставната програма, материјалите од прирачникот и наставната програма, како и на подготовка на национален план и стратегија за воведување на ССО во основното и средното образование како слободен изборен предмет или трансферзално во рамките на соодветни наставни предмети.

Поради погоре наведените причини, истакнуваме дека наставната програма и прирачникот не се финални верзии, односно истите се пилотираат, а финалната верзија ке се добие откако ке помине процесот на евалуација што е во тек и истите не можат јавно да бидат објавени сé додека не заврши евентуалното нивно дополнување или промени, за потоа да бидат јавно објавени односно отпечатени, но и јавно објавени на интернет.

Министерството за образование и наука ви го испрати Меморандумот за соработка со[redacted]нивен допис 03-4517/2 од 13.4.2022 година и од истите ви испраќаме скенирани и фотокопирани копии.

Подготвија: Ајше Ајрулаи и
Ирена Борисовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-640/6
20.04 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ” бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, и Решението за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 02-135/1 од 30.01.2020 година, се донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Се одобрува барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-640/1 од 31.3.2022 година од барателот [redacted] унапредување на воспитно-образовни[redacted] децата и младите во [redacted] образовни реформи „[redacted]
2. Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

3. На 31.3.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање, кое се однесува на:

- Да се објави јавно прирачникот за наставници за сексуално образование од пилот проектот кој се спроведе во четири основни училишта,
- Да се објави јавно прирачникот за сеопфатно сексуално образование,
- Да се објават сите документи и согласности потпишани од Бирото за развој на образованието и „Хера“ за спроведување на ССО во основното образование.

Барањето се разгледа од страна на овластеното лице и се констатира дека истото е основано.
Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-640/3
8.4. 2022 год./Vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted]

Предмет: Препраќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 03-640/1 од 31.3.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви го препраќаме барањето доставено од [redacted]

Бирото за развој на образованието мора да постапува според законите, а Законот за слободен пристап до информации, оној кој е актуелен, децидно ги пропишува условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Во Законот, со членот 6 се предвидени и исклучоци, а за оваа информација може да се провери дали ставот 5 од членот 6 може да се примени во однос на ова барање. Според членот 2 од Законот на Бирото за развој на образованието, како и другите органи на државната управа и сите организации, правни и физички лица кои вршат дејности од јавен интерес имаат обврска да обезбедуваат јавност и отвореност во работењето, како и овозможување на остварување на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер.

Со оглед на тоа дека прирачникот за сеопфатно сексуално образование го изработивте, Ви го доставуваме барањето и тоа конкретно само во однос на точките 1 и 2 од барањето, а кое ви го испраќаме како прилог на овој допис.

в.д. Директор

Зекирија Хасипи

Подготви: Ирена Борисовска
Провери: Ајше Ајрулаи
Одобри: м-р Митко Чешларов

640/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
**Биро за развој на образованието**
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
**Byroja e zhvillimit të arsimit**
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 31. 3. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број Numri | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 640/1 | — | |

Ирена Б.

[redacted]

| |
|---|
| Архивски знак. ____________ |
| Рок на чување. ____________ |
| ____________ 20 ___ год. |
| Потпис, |
| ____________ |

Биро за развој на образованието

БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]
завршување на пилот-проектот за сексуално образование, како и најавата дека истото е потребно да се воведе и во пониските одделенија, бараме од вас пристап до информации од јавен карактер:

1. Да се објави јавно прирачникот за наставници за сексуално образование од пилот проектот кој се спроведе во четири основни училишта.
2. Да се објави јавно прирачникот за сеопфатно сексуално образование.
3. Да се објават сите документи и согласности потпишани од Биро за развој на образованието [redacted] за спроведување на ССО во основното образование.

Ние како родители и граѓани имаме право да знаеме какви содржини ќе изучуваат нашите деца. Ве молиме да ни одговорите што поскоро, односно согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит

[redacted]

Датум

30.03.2022

[redacted]

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
**Биро за развој на образованието**
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
**Byroja e zhvillimit të arsimit**
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 15.4.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број Numri | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 640/5 | – | |

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___год.
Готвис,

бр. 0302-182/22
14.04.2022 година

До:Биро за развој на образованието

Предмет:Одговор на добиеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

ХЕРА како граѓанска организација нема законска обврска да поднесува информации од јавен карактер. Дополнително, Прирачникот за наставници за пилотирање на ССО во 9-то одделение кој се спомнува во барањето, е работна верзија на Бирото за развој на образованието (подготвен со поддршка на ХЕРА како партнер организација), преставува збир од собрани работилници од предметот Животни вештини за основно образование (Биро за развој на образованието), Прирачникот за сексуално и репродуктивно здравје за наставници (публикација на ХЕРА) и 16 нови работилници кои се специјално подготвени за пилот програмата согласно целите и возраста на младите.

Сакаме да истакнеме, дека како ваши партнери во спроведување на пилот програмата за ССО, посочениот материјал за наставници е сè уште работна верзија и не се наведени автори и организации кои учествуваа во неговата подготовка, па неговото јавно објавување или споделување може да биде предмет на злоупотреба на авторскиот труд. Тоа всушност се согледува и преку реченицата од Воведот на самиот Прирачник, цитирам: „По комплетирањето на пилот програмата за сеопфатно сексуално образование ќе биде спроведена евалуација чии наоди и препораки ќе претставуваат основа за ревизија или дополнување на материјалите од прирачникот".

Доколку вие како државна институција сметате дека постои законска обврска за јавно објавување или споделување на Прирачникот за наставници за 9-то одделение, ние ќе се согласиме со секоја ваша одлука посочено во барањето која е во насока на спроведување на законските обврски. Но истовремено се надеваме дека одлуката паралелно ќе овозможи и заштита на авторските права, како и гаранција на безбедноста и доверливоста на процесите, но и на сите засегнати страни кои се вклучени во реализација на пилот програмата.

[redacted]

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено Pranuar: | 14. 4. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број: Numri | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| 03 | 640/4 | 1 зл. | |

Бр. 03-4517/2

Скопје, 13/4/22 година

ДО

[redacted]

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20 ___ год.
Потпис, ______

**ПРЕДМЕТ: Одговор на ваше барање препратено од БРО**

Почитувана,

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер до Бирото за развој на образованието, истото ни беше препратено и побарано да ви го доставиме Меморандумот за соработка потпишан меѓу Министерството и [redacted]

Оттаму, во прилог ви го доставуваме Меморандумот за соработка.

Со почит,

[redacted]

МИНИСТЕР,
Doc. Dr. Jeton Shaqiri



Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

640/4

Архивски знак. ____
Рок на чување. ____
____ 20__ год.
Потпис.

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
08-13697/1
22.11.2019

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Склучен во Скопје помеѓу:**

1. **Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија**, со седиште на ул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје, претставувано од министерот Dr. Arbër Ademi, (во натамошниот текст: МОН) од една страна и

[redacted]

Тргнувајќи од основните цели на двете вклучени страни, а заради проширување и зајакнување на соработката во стратешките полиња на интерес, со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: Меморандум) се договорија за следното:

## I. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА СОРАБОТКАТА

**Член 1**

[redacted] Овој меморандум за соработка има за цел да ги воспостави формата и начините според кои [redacted] и МОН ќе соработуваат во имплементацијата на активностите кои се од заеднички интерес.

**Член 2**

Главната цел на овој Меморандум е да се воспостави одржлива соработка меѓу двете страни со цел да се унапреди пристапот до информации во основните и средните училишта во Република Северна Македонија за сексуалното и репродуктивното здравје и правата кои се во согласност со научните сознанија, но и потребите и развојните капацитети на младите.

Соработката ќе вклучува заедничка работа меѓу потписниците на овој Меморандум на подобрување на образованието заради унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје и права, превенција и заштита од родово базирано насилство, превенција против вознемирување и дискриминација во основните и средните училишта, зајакнување на капацитетите на стручните служби, наставниот кадар и учениците, како и унапредување на наставните програми и наставните

материјали за основно и средно образование, активно соработувајќи во процесот на пилотирање на сеопфатното сексуално образование како и креирање наставни материјали и содржини за наставните кадри и да допринесе кон други теми кои содржат делови од сеопфатното сексуално образование (род, врски, тело, различности, граѓански аспекти итн.).

### ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 3**

МОН, за целите на овој Меморандум, ќе одржува средби и консултации со претставници [redacted] за прашања кои се однесуваат на некоја од заедничките активности предвидени со овој Меморандум.

**Член 4**

[redacted] може да го користи името или логото на Министерството за образование и наука доколку тоа е директно поврзано со активностите предвидени со овој меморандум и единствено по добиена писмена согласност од МОН.

**Член 5**

[redacted] за целите на овој Меморандум, ќе назначи претставник за прашања, консултации и средби со претставник на МОН.

[redacted] за целите на овој Меморандум, ќе дава препораки и мислење за прашања за кои ќе биде контактиран од страна на МОН, а кои се дел од соработката уредена со овој Меморандум.

**Член 6**

Двете вклучени страни ќе назначат лице за контакт, кое ќе биде задолжено за навремена комуникација за спроведувањето на активностите и целите.

### II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

**Член 7**

Двете страни се согласуваат соработката да трае во временски период од две години, почнувајќи од месец ноември 2019 година заклучно со октомври 2021 година.

### III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Овој Меморандум ќе се применува од денот на неговото потпишување, а секоја од страните може да го откаже преку писмено известување до другата страна, со писмено образложување на причините за отповикување на Меморандумот.

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

[redacted]

Меморандумот за соработка ќе престане да важи по истекот на 30 дена од приемот на известувањето за откажувањето.

**Член 9**

Овој Меморандум за соработка може да се измени и дополни по претходно усогласување од двете страни.

**Член 10**

Овој Меморандум е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по еден за секоја страна.

Со потпишување на овој Меморандум, двете страни изрично изјавуваат дека се согласуваат со неговата содржина и ги прифаќаат предвидените права и обврски.

Датум 05.11.2019

Министерство за образование и
наука на Република Северна Македонија

Dr. Arbër Ademi

________________________

Министер за образование и наука

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03 - 640/2
7.4. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До
Министерство за образование и наука
Скопје

Предмет: Препраќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 03-640/1 од 31.3.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви го препраќаме барањето доставено [redacted]

Со оглед на тоа дека [redacted], а во однос на сеопфатното сексуално образование, е потпишан во Министерството за образование и наука, Ви го доставуваме барањето и тоа конкретно само во однос на третата точка од барањето, а кое ви го испраќаме како прилог на овој допис.

в.д. Директор

Зекирија Хасипи

Подготви: Ирена Борисовска
Провери: Ајше Ајрулаи
Одобри: м-р Митко Чешларов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 31. 3. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 640/1 | – | |


640/2

Ирена Б.

[redacted]

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис,
____________

До

Биро за развој на образованието

## БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани !

Родителите од граѓанската иницијатива "[redacted] децата во [redacted] а [redacted] на пилот-проектот за сексуално образование, како и најавата дека истото е потребно да се воведе и во пониските одделенија, бараме од вас пристап до информации од јавен карактер:

1. Да се објави јавно прирачникот за наставници за сексуално образование од пилот проектот кој се спроведе во четири основни училишта.
2. Да се објави јавно прирачникот за сеопфатно сексуално образование.
3. Да се објават сите документи и согласности потпишани од Биро за развој на образованието [redacted] за спроведување на ССО во основното образование.

Ние како родители и граѓани имаме право да знаеме какви содржини ќе изучуваат нашите деца. Ве молиме да ни одговорите што поскоро, односно согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит

[redacted]

Датум

30.03.2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-640/3
8.4. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted]а и истражување

Предмет: Препраќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 03-640/1 од 31.3.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви го препраќаме барањето доставено од [redacted] образовни реформи [redacted]

Бирото за развој на образованието мора да постапува според законите, а Законот за слободен пристап до информации, оној кој е актуелен, децидно ги пропишува условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Во Законот, со членот 6 се предвидени и исклучоци, а за оваа информација може да се провери дали ставот 5 од членот 6 може да се примени во однос на ова барање. Според членот 2 од Законот на Бирото за развој на образованието, како и другите органи на државната управа и сите организации, правни и физички лица кои вршат дејности од јавен интерес имаат обврска да обезбедуваат јавност и отвореност во работењето, како и овозможување на остварување на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер.

Со оглед на тоа дека прирачникот за сеопфатно сексуално образование го изработивте, Ви го доставуваме барањето и тоа конкретно само во однос на точките 1 и 2 од барањето, а кое ви го испраќаме како прилог на овој допис.

В.Д. Директор

Зекирија Хасипи

Подготви: Ирена Борисовска
Провери: Ајше Ајрулаи
Одобри: м-р Митко Чешларов

640/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено Pranuar: | 31. 3. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera: |
| 03 | 640/1 | — | |

Ирена Б.

[redacted]

[redacted]

____20___год.
Потпис,

До

Биро за развој на образованието

**БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Почитувани !

Родителите од граѓанската иницијатива "[redacted]а" и членови од Асоцијацијата за унапредување на воспитно-образвниот систем и заштита на правата на децата во о[redacted]одени од сите досегашни изјави и активности на [redacted] завршување на пилот-проектот за сексуално образование, како и најавата дека истото е потребно да се воведе и во пониските одделенија, бараме од вас пристап до информации од јавен карактер:

1. Да се објави јавно прирачникот за наставници за сексуално образование од пилот проектот кој се спроведе во четири основни училишта.
2. Да се објави јавно прирачникот за сеопфатно сексуално образование.
3. Да се објават сите документи и согласности потпишани од Биро за развој на образованието и "Хера" за спроведување на ССО во основното образование.

Ние како родители и граѓани имаме право да знаеме какви содржини ќе изучуваат нашите деца. Ве молиме да ни одговорите што поскоро, односно согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит

[redacted]

Датум

30.03.2022